# Вазно сликарство



Ширум стариот свет Хелените биле прочуени вазни сликари. Грнчарството кај нив има долга традиција. На грнчарско тркало од глината создале разновидна збирка на грнчарски садови, при што секој грчарски сад имал определена намена. Во далечната антика вазните сликари грнчарските садови ги украсувале со различни декорации (спирали, меандри, кругови, бранови, шаховски полиња, свастика), растителни и животински теми (розета, палмета, лотосов цвет; водни птици), митолошки суштества (грифони, сфинги), а подоцна во класичниот период на Хелада ги збогатуваат со теми од митологијата, односно се среќаваат фигури на божества, херои и луѓе.



Во античко време, хеленските вазни сликари ги сликале вазите во два карактеристични стила: **црнофигурален** и **црвенофигурален**.

**Ваза со црнофигурален стил на сликање**

Се цртаат и сликаат контури на ликови и украси во црна боја на светла позадина. Позадината е во бојата на печената глина.

**Ваза со црвенофигурален стил на сликање**

Се цртаат контури на ликови и украси во боја на печената глина, додека позадината останува темна. Само позадината е бојадисана.






Ваза во ориентализиран стил

Пред појавата на овие два стила, на територијата на древна Хелада биле препознатливи **геометрискиот** и **ориентализираниот** стил. На вазите со геометриски стил се сликале само геометриски облици без фигурални прикази, додека на ориентализираниот стил се сликале фигурални и украсни мотиви од блискоисточните цивилизации.



Ваза во геометриски стил



Разни појасни украси

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
CC BY NC ND